# АНАЛИЗА НА СЛЕДЕЊЕ НА ОБВРСКАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

Дозволата за вршење радиодифузна дејност се издава за емитување и пренос на одреден радио или телевизиски програмски сервис независно од техничките услови за пренос.

За дозволата се плаќа годишен надоместок на сметка на Советот за радиодифузија, чија висина се определува врз основа на формулата од член 60 од Законот за радиодифузна дејност („Службен весник на РМ“ бр 100/05).

## ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

Советот за радиодифузија тековно го следи плаќањето на надоместокот за дозволата.

До сите трговски радиодифузни друштва навремено беа доставени фактури за плаќање на надоместокот, согласно датумот на доделувањето на дозволата.

Врз основа на Информацијата за плаќањето на надоместокот за дозволата за периодот од 1 јануари заклучно со 30 јуни 2011 година, која Советот за радиодифузија ја разгледуваше на својата 13-та седница одржана на 22 јули 2011 година, до сите друштва кои во тој момент ја немаа исполнето наведената обврската на 29 јули 2011 година беше доставено укажување.

Бидејќи и по ова укажување сè уште имаше неплатени надоместоци, на 14 декември 2011 година повторно сите трговски радиодифузни друштва беа предупредени да го платат пресметаниот а неплатен надоместок.

Заклучно со 31 декември 2011 година на сите доставени фактури за плаќање на надоместокот во целост им беше доспеан рокот за наплата.

Состојбата со плаќањето на надоместокот заклучно со 31 декември 2011 година е следната:

За периодот 2011-2012 година вкупно 103 трговски радиодифузни друштва во целост го платиле надоместокот, и тоа :

- 5 трговски радиодифузни друштва кои се иматели на дозвола за емитување терестријална телевизиска програма на национално ниво;
- 4 трговски радиодифузни друштва кои се иматели на дозвола за телевизија преку сателит;
- 1 трговско друштво што емитува радиопрограма на национално ниво;
- 5 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за телевизија на регионално ниво;
- 9 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за радио на регионално ниво;
- 33 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за телевизија на локално ниво и
- 46 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за радио на локално ниво.

Делумна уплата на надоместокот за истиот период извршиле вкупно 11 трговски друштва:

- 1 трговско радиодифузно друштво кое е имател на дозвола за телевизија преку сателит,
- 2 трговски радиодифузни друштва иматели на дозволи за терестријално радио на национално ниво
- 1 трговско радиодифузно друштво имател на дозвола за телевизија на регионално ниво
- 3 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за радио на регионално ниво
- 4 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за телевизија на локално ниво и
- 1 трговско радиодифузно друштво кое има дозвола за радио на локално ниво

Трговски радиодифузни друштва кои во целост должат за периодот 2011-2012 година се вкупно 23, и тоа:

- 1 трговско радиодифузно друштво кое е имател на дозвола за телевизија преку сателит,
- 1 трговско радиодифузно друштво имател на дозвола за телевизија на регионално ниво
- 4 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за радио на регионално ниво
- 6 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за телевизија на локално ниво и
- 11 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за радио на локално ниво

Вкупно 15 трговски радиодифузни друштва покрај надоместокот за тековната 2011-2012 година должат и за надоместокот за дозвола за претходни години, и тоа:

- 6 трговски радиодифузни друштва кои се иматели на дозвола за телевизија преку сателит;
- 3 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за телевизија на регионално ниво;
- 3 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за телевизија на локално ниво;
- 3 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за радио на локално ниво.

Процентот на наплата на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за периодот 2011-2012 година на 31 декември 2011 година изнесува 54,17 %.

Во декември 2011 година едно трговско радиодифузно друштво (имател на дозвола за емитување ТВ-програма преку сателит) на негово барање престана со работа. Пресметаниот надоместок за наведеното друштво изнесува 4,2 % од вкупно фактурираниот износ и истиот не е платен.

## ПРЕПОРАКА

Бидејќи роковите за плаќање на надоместокот не се почитуваат, уште еднаш да се повикаат сите трговски радиодифузни друштва кои должат да го платат надоместокот во некој краток рок, во спротивно да им се одземе дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Изработил: Г.Радуновиќ